РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2596/2
19-04-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на чл. 22 и чл. 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19), а согласно со чл. 40 ст. 2 и чл. 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава добиена од непознат подносител, на 65-тата седница одржана на 15.04.2022 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата од непознат подносител доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-2596/1 од 30.07.2020 година, **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека нема можност да обезбеди дополнителни информации за постапување по наводите во погоре наведената пријава.

Предметот со број 12-2596 од 2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението во деперсонализирана форма, да се објави на нејзината веб страница во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-2596/1 од 30.07.2020 година во Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) е оформен врз основа на добиена пријава од непознат подносител.

Според наводите во пријавата, од ДКСК се бара да се преиспита вработувањето на ///, која се вработила како садомијачка во државен студентски дом ///. Ова од причина што истата не одела на работа, затоа што користела мерки, бидејќи имала мало дете, со оглед на настанатата состојба предизвикана од пандемијата настаната од вирусот COVID-19. Кон пријавата е доставен еден доказ.

По разгледување на пријавата и доставениот доказ, ДКСК не утврди елементи за нејзино надлежно постапување, од причина што изнесените наводи во истата не даваат основ за поведување било каква постапка, за што ДКСК е надлежна согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Оттаму, при состојба на работите кога предметот е формиран врз основа на добиена анонимна пријава, ДКСК оцени дека нема можност да обезбеди дополнителни информации за постапување по наводите во пријавата, истата да се отфрли и предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- Архивата на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Нури Бајрами**

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: м-р Ш. С.